РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-950/7
29-05 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата **60-та** седница, одржана на **04.5.2026** година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на Студиската програма „Туризам и угостителство“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Економскиот факултетот при Универзитет во Тетово**

1. Се акредитира Студиската програма **„Туризам и угостителство“**, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Економскиот факултетот при Универзитет во Тетово, согласно Законот за високото образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/24).

2. Акредитацијата за Студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од академска **2026/2027** година.

3. По завршување на студиите на Студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академскиот назив: **Дипломиран економист по туризам и угостителство** / во меѓународниот промет академскиот назив: **Bachelor of Science in Tourism and Hospitality.**

4. Научно-истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно-истражувачко поле: 5.02 Економија и бизнис
Научно-истражувачка област: 5.02.00.01 Економија, 5.02.00.08 Туризам и угостителство и 5.02.00.09 Друго.

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува **100** студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

Në bazë të nenit 48 paragrafi (2) pika 6, nenit 145 paragrafi (2) të Ligjit për arsimin e lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 82/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 178/21, 58/24 dhe 124/25), Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mbledhjen e **60-të** mbajtur më **04. V. 2026**, solli:

# AKTVENDIM

**për akreditimin e programit studimor „Turizëm dhe Hoteleri“, cikli i parë i studimeve akademike - studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit Ekonomik në Universitetin e Tetovës**

1. Akreditohet programi studimor **„Turizëm dhe Hoteleri“**, cikli i parë i studimeve akademike - studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit Ekonomik në Universitetin e Tetovës, në përputhje me Ligjin për arsimin e lartë*, Rregulloren për standardet dhe normat për themelimin e institucionit të lartë arsimor dhe kryerjen e veprimtarisë së arsimit të lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 245/22, 4/23 dhe 97/24) dhe Dekretit për përcaktimin e fushave shkencore-hulumtuese të nivelit të tretë (lëmi) („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 91/24).

2. Akreditimi i programit studimor nga pika 1 e këtij vendimi është për periudhën prej pesë vitesh studimore duke filluar nga viti akademik **2026/2027**.

3. Pas mbarimit të studimeve në programin studimor të pikës 1 të këtij vendimi, studenti fiton 240 SETK kredi dhe merr titullin akademik: **Ekonomist i diplomuar në turizëm dhe hoteleri** / në qarkullimin ndërkombëtar titullin akademik: **Bachelor of Science in Tourism and Hospitality.**

4. Sfera shkencore-hulumtuese: 5 Shkencat shoqërore
Fusha shkencore-hulumtuese: 5.02 Ekonomi dhe biznes
Lëmia shkencore-hulumtuese: 5.02.00.01 Ekonomi, 5.02.00.08 Turizëm dhe hoteleri dhe 5.02.00.09 Tjetër.

5. Numri i studentëve që mund të regjistrohen në vitin e parë të programit studimor të përcaktuar në pikën 1 të këtij vendimi është **100** studentë.

6. Ky Aktvendim është përfundimtar dhe hyn në fuqi ditën e miratimit.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. **02-1584/4** од **2.10.2025** година од страна на Сенатот на Универзитет во Тетово, за усвојување на Студиската програма **„Туризам и угостителство“**, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Економскиот факултетот факултетот при Универзитет во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. **14-1182/1** од **9.12.2025** година (наш бр. **08-950/1** од **11.12.2025** година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенцијата за квалитет во високото образование, на **45-та** седница, одржана на **30.12.2025** година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во Извештајот на Стручната комисија, бр. **08-950/6** од **11.5.2026** година, согласно Законот за високото образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/24), Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата **60-та** седница, одржана на **04.5.2026** година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на Студиската програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

**проф. д-р Зоран Марков**

## A r s y e t i m

Pas Vendimit të miratuar më parë nr. **02-1584/4** i datës **2. X. 2025** nga ana e Senatit të Universitetit të Tetovës, për miratim të programit studimor **„Turizëm dhe Hoteleri“**, cikli i parë i studimeve akademike - studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit Ekonomik në Universitetin e Tetovës, deri te Agjencia për Cilësi në Arsimin e Lartë, përkatësisht Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë dorëzoi kërkesë me nr. e tyre **14-1182/1** i datës **9. XII. 2025** (nr. ynë **08-950/1** i datës **11. XII. 2025**) për pranimin e elaboratit, përkatësisht akreditimin e programit studimor në fjalë.

Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë, organ i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, në mbledhjen e **45-të** të mbajtur më **30. XII. 2025**, formoi Komision Profesional për shqyrtimin e kërkesës për akreditim me dokumentacionin e bashkëngjitur dhe përgatitjen e raportit lidhur me kërkesën dhe dokumentacionin.

Bazuar në vlerësimin pozitiv që përmban Raporti i Komisionit Profesional, nr. **08-950/6** i datës **11. V. 2026**, në përputhje me Ligjin për arsimin e lartë*, Rregulloren për standardet dhe normat për themelimin e institucionit të lartë arsimor dhe kryerjen e veprimtarisë së arsimit të lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 245/22, 4/23 dhe 97/24) dhe Dekretit për përcaktimin e fushave shkencore-hulumtuese të nivelit të tretë (lëmi) („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 91/24), dhe Rregulloren për metodologjinë, standardet dhe procedurën për akreditimit të institucioneve të arsimit të lartë dhe akreditim të programeve studimore („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 256/22), Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë, në mbledhjen e **60-të** mbajtur më **04. V. 2026**, vendosi si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**Këshillë juridike:** Aktvendimi për akreditimin e programit studimor është përfundimtar dhe kundër tij mund të dorëzohet padi në Gjykatën Administrative.

Kryetar
i Bordit të Akreditimit të Arsimit të Lartë